ПАРТИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ

ЧЕСНО, СПЛОТЕНО, ОДЛУЧНО!

# Партија на пензионери

## Изборна програма
## за Парламентарни избори 2024

Скопје, 2024



**Почитувани пензионери и граѓани**,

Ви се обраќам, во името на Партијата на пензионери, во овие времиња кои се, како и секогаш досега во изминативе децении, предизвикувачки и напорни, но во исто време се и слободни, ветувачки и визионерски. Во средиште на нашата Изборна програма се луѓето (граѓаните), особено пензионерите, сите категории на маргинализирани граѓани, но и работниците, земјоделците и секако младите како нашата иднина. За сите, со чесно, одлучно и доследно дејствување на политичката сцена, ќе обезбедиме гаранции за политичките, економските и социјалните права, без разлика на полот, образованието, професијата, имотната состојба, националната, верската или било која друга припадност или обележје.

Ние не сме оптоварени со идеолошки предрасуди и пречки и цврсто сме определени за демократски принципи во своето делување и темелно се залагаме за владеење на правото, неселективност и праведност во државата. Ваквото определување не чини способни за рамноправна и успешна соработка со партии од различни политички опции. Затоа заедно со Вас, ќе работиме меѓу пензионерската популација за поттикнување на нивната проактивност и подигање на свесноста за реалното политичко значење и моќ во општеството и државата.

Заедно ќе бараме решенија за сите прашања и проблеми, кои го отежнуваат секојдневниот живот на обичните луѓе, а кои треба и мора да бидат испорачани од страна на државата. Заедно, Можеме и Мораме да бидеме мотивирани, ангажирани и подготвени за акција на сите полиња во општеството, за да продолжиме на патот за напред и општото добро на нацијата и земјата во целост.

Сите Вие ќе останете цел за нашиот ангажман, активирање и дејствувањето со нашиот целокупен партиски капацитет. Партијата на пензионери како и досега ќе продолжи да се бори за патот кои води напред, за достоинството на животот, за опстанување на семејните вредности, за меѓугенерациската и генерациската солидарност помеѓу луѓето, за многу посакуваната праведност и социјална еднаквост за сите, за силна економија, за квалитетна животна средина, за образование и здравство со европските стандарди, за домашно земјоделство, за нашата иднина, но и за иднината на сите наши поколенија.

Претседател на Партијата на пензионери
Илија Николовски

## 1. СОЦИЈАЛНИ ПОЛИТИКИ НА ПАРТИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ

Основната заложба на Партијата на пензионерите, е големата пензионерска популација во земјата. Креирањето и целосното спроведување на социјалните политики во државата за пензионерската популација, но и за сите други категории на граѓани во земјата е еден од нашите главни приоритети.

Со фактот дека нашата земја е декларирана како социјално општество, регулирањето на правниот сегмент на ова претставува комплексен, но високо морален и етички одржлив предизвик.

Пензиското и инвалидското осигурување, го гледаме од аспект на стекнати права но секогаш со можни нови решенија. Стекнатите права, се однесуваат на пензијата како лично право и економска категорија, и усогласувањето на пензијата и зачувувањето на нејзината реална вредност, се однапред финансирани и остварени врз основа на систем установен од државата. Поради тоа стекнатите права не можат да бидат ограничени ниту намалени, туку државата мора да остане основен гарант за нивно спроведување.

За реално конципирање на социјалните политики во државата, доследно ќе се залагаме за неминовно дефинирање на социјалниот статус на сите граѓани во државата. Системот на социјална заштита по мерка на граѓанинот мора да постане реалност во нашата држава.

Достоинството и интегритетот на сите граѓани во државата, не смее да биде привилегија, туку право кое го имаат и сите пензионери. Правото на безгрижно уживање во резултатите од вложениот труд и заслуженото користење на својата пензија, која нема да се намалува во однос на потрошувачката кошница, туку ќе ги следи трошоците на живот и соодветно ќе се усогласува, е право кое го залужува секој пензионер. Затоа доследно ќе продолжиме да работиме на подобрување на квалитетот на живот на пензионерите и старите лица и да се грижиме за нивната достоинствена старост. Здравото и активно стареење е една од нашите примарни заложби.

Овие наши темелни заложби ќе ги реализираме со следните активности:

- Доследно ќе се залагаме за донесување на Закон за минимална пензија и ќе се залагаме за гарантирана минимална старосна и инвалидска пензија во висина од 70% од минималната плата во државата;
- Ќе се бориме за Просечна пензија во износ од 60% од просечната плата во државата како и зголемување на семејната пензија од 80%;
- Продолжување на номинално зголемување и регулирање на пензиите, изразено преку законското решение и потврдената методологија за усогласување на пензиите двапати годишно, врз основа на движењето на инфлацијата и просечната плата во предходниот полугодишен период;
- Ќе се залагаме за стабилен пензиски систем за сегашните и идните пензионери, како една од најбитните цели за Партијата на пензионери;
- Ќе се бориме за зголемување на Социјалната пензија како и за ублажување на условите за добивање на истата;
- Продолжување и подобрување на регулирањето на социјалниот аспект на пензиите преку доделување на помош на корисниците на ниски пензии и ранливите категории на граѓани;
- Ќе дефинираме Социјален статус на пензионерите и пензионерското семејство, а со цел овозможување реална социјална поддршка за истите и создавање елементарни услови за пристоен пензионерски живот;.
- Дефинирање на Социјалниот статус на граѓанинот преку формирање на Социјална карта (семејна и индивидуална) посебно за лицата и младите семејства кои имаат потреба од социјална поддршка од државата, а со цел за праведно расподелување на социјалната помош и елиминирање на злоупотребата на истата;
- Ќе се залагаме за подобро регулирање и зголемување на земјоделската пензија;
- Ќе се бориме за Трансформација на пензискиот систем во државата во правец на пензиските системи на социјално развиените земји од ЕУ;

- Ќе инсистираме да, при сите идни суштествени реформи на системот на ПИОМ, се вклучат и пензионерите во креирање на истите;
- Обезбедување на услови за активно стареење, достоинствена старост и
- пензии со кои се подобрува социјалната и економската положба на пензионерите;
- Ќе се залагаме за активно вклучување на пензионерите во локалните заедници преку волонтирање и нивно работно ангажирање;
- Ќе бараме обезбедување грижа од заедницата кон пензионерите и возрасните лица преку воспоставување локални услуги за грижа и нега;
- Доследно ќе инсистираме на поголемо учество на жените во сите сегменти на општествениот живот, како и реална родова застапеност во нашата земја;
- Ќе се залагаме за квалитетен и економски одржлив здравствен систем во кој пензионерите ќе имаат поголеми бенефиции;
- Ќе се залагаме за доследна борба против сивата економија и работата на црно, а во доба на недоволен број на работно активно население и недоволно редовна и ефикасна наплата на придонесот во пензискиот фонд и тој да остане редовен и сигурен;
- Ќе се бориме за задржување на сегашниот старосен праг за остварување на право на пензија за мажи 64 и за жени 62 години;
- Ќе настојуваме, да покрај постојното законско решение за остварување право на пензија по основ на старост, законски да се врати можноста на право на пензија, врз основа на личен избор, која може да се оствари со исполнување на работен стаж од 35 години за жени и 40 години за мажи.
- Остануваме на иницијативата за изменување на Законот за ПИО (член 148), а со цел да им се овозможи на работно способните пензионери, по остварување на правото на пензија, да можат повторно да се вработат и да примаат плата, без притоа да го изгубат правото на веќе стекнатата пензија;

- Доследно ќе се залагаме за заштита од сите облици на дискриминација, неприфаќање и маргинализација на пензионерите;
- Бескомпромисно ќе се бориме за социјално згрижување на сиромашните и немоќните, како и социјална сигурност и солидарност во општеството;
- Ќе го поддржиме градењето на нови пензионерски и геронтолошки домови, во државна сопственост, како и дневни центри за нега на стари и изнемоштени пензионери со користење на буџетски средства, но исто така ќе поттикнеме и ангажман на локалните самоуправи со остварување на проекти за приватно-јавно партнерство за истата намена;
- Ќе се бориме за субвенционирање на сместувањето во државни домови за стари лица на пензионери со најниски пензии, изнемоштени и пензионери кои живеат сами;
- Ќе инсистираме за развивање на локалните услуги за поддршка на грижата во заедницата кон возрасните, и обезбедување услови за соодветна нега на немоќните и болните на локално рамниште;
- Ќе инсистираме на дуплирање на капацитетите во пензионерските домови и домовите за стари лица и воспоставување на нови центри за активно и здраво стареење, со програми кои ќе се грижат за менталното и физичкото здравје, социјализацијата и меѓуврсничката комуникација на старите лица;
- Ќе се залагаме за зголемување на давање на услугите за помош и нега во постоечките домови за стари лица;
- Ќе се залагаме за проширување на програмата за бањско-климатска рекреација на пензионерите и социјално загрозените стари лица и нивна достапнст за што поголем број на лица;
- Максимално ќе се бориме да се намали стапката на сиромаштијата под 15% со посебен акцент на пензионерската сиромаштија;
- Ќе инсистираме на воведување програми за поголема мобилност за пензионерите и старите лица преку субвенциониран меѓуградски превоз;

- Ќе бараме редовен отчет за состојбата на имотот стекнат со средства на пензионерите, како што се постоечките пензионерски здруженија, домови, клубови и друго;
- Партијата на пензионери и понатаму во својот фокус ќе ги има младите, како јасен израз на определбата за градење на поврзаност со генерациите кои доаѓаат со нивниот ентузијазам и инвентивност, а со нашето искуство, посветеност, толеранција и трпеливост.
- Ќе се бориме за продолжување на афирмирањето на правата на жените и поддршката на младите семејства а со цел за зголемување на наталитетот;
- Ќе се залагаме, најмалку 30.000 економско загрозени домаќинства (со посебен осврт на пензионерските) да примаат гарантирана минимална помош, и 60.000 деца во државата да примаат соодветен детски додаток;
- Ќе инсистираме за продолжување на изградба на социјални станови и куќи за социјално загрозените семејства, посебно во помалите градски и рурални средини;
- Ќе се залагаме за намалување на работното време за повозрасните работници (жени работнички во индустријата да со навршени 60 години старост да работат 6 часа со задржување на целата плата, до пензија и мажи работници со навршени 62 год. старост со истите услови);
- Ќе се залагаме, локалните заедници да овозможат квалитетни социјални услуги на граѓаните, а во согласност со потребите.

## 2. ЗДРАВСТВО

Здравството е еден од основните сегменти во општеството и во животот на пензионерите и на сите граѓани на државата, и со самото тоа претставува витален интерес на Партијата на пензионери.
Со фактот дека државното здравство е во незавидна состојба, истиот предизвикува незадоволство на осигурениците и здравствените работници. Како резултат на оваа состојба во

здравство, македонските осигуреници се на прво место во Европа по плаќање на здравствени услуги, а здравствените работници во голем број заминуваат во странство.
Затоа здравствена политика која ќе ја претставуваме во иднина, води кон остварување на вредностите потврдени низ практиката во здравствените системи во земјите од ЕУ и развиениот свет.
Нашите политики, за подобро здравство ќе се насочат во правец на градење на современо организиран, кадровски и технички опремен, рационален и економски одржлив здравствен систем, во кој што граѓаните рамноправно ќе ги користат бенифитите на личната и колективната здравствена заштита.
Во рамките на здравствената политика, посебно внимание ќе посветиме на потребата од измени и усовршувања на постојната законска регулатива, особено на правата од здравствената заштита кои се однесуваат на пензионерите, невработените и другите маргинализирани слоеви на нашето општество.
Партијата на пензионери ќе продолжи да посветува должно внимание и активно да делува за постојано подобрување на состојбите во поглед на јавност во работата на Фондот за здравство, идентификуваните коруптивните дејствија и практики, пропишаниот кодекс за однесување во здравствените средини и во другите подрачја од здравствената дејност.
Како Партија на пензионери, која се залага за социјална правда во општеството,
ќе продолжиме доследно да се залагаме за развој на здравствениот систем,
подигање на квалитетот и достапноста на здравствените услуги, солидарноста и
правичноста на здравствениот систем, со граѓаните во центарот на системот и нивната целосна вклученост.

Подобрувањето на состојбите во здравството ќе се направи со преземање на
следните активни политики за:

- Ослободување од плаќање партиципација за болничко лекување на лица постари од 65 години;
- Ќе се залагаме за правично регулирање на здравствената положба т.е. лекување (основно и бањско) на

пензионерите, а особено на оние со минимални и потпросечни пензии;

- Ќе бараме да се воспостави констатнтно  и редовно проширување на позитивната листа на лекови, најмалку еднаш годишно;
- Ќе се залагаме да доколку пациент одбере, или мора да се лекува во приватно здравство, да се овозможи делот од трошоците за лекување во приватните здравствени установи, во износ кој би се платил на државна здравствена установа, Фондот за здравство да го плати на приватната установа, а разликата да ја доплати осигуреникот лично;
- Ќе се залагаме за право на боледување на вработени лица за нега на стари родители, под слични услови како боледување за нега на дете;
- Ќе го зајакнеме домашното лекување преку патронажни служби и домашна нега на стари лица;
- Ќе инсистираме за проширување на квотите за користење на бањско лекување во превентивни цели;
- Ќе продолжиме да поддржуваме државно субвенционирање за бањско лекување на сите корисници на пензија на кои, од здравствени причини, им е утврдена потреба од таков вид на лекување (корисници со пензии поголеми за 15% од просечната пензија, ќе им покрие до 30% од трошоците, на пензионери со пензии помали од просечната пензија ќе им субвенционира до 50% од трошокот, и на пензионерите со минимални пензии до 90% од трошокот);
- Ќе се залагаме за поголемо покривање на трошоци за стоматолошки услуги за лицата постари од 65 години;
- Ќе се залагаме за ослободување од плаќање на трошоци за продолжување на возачката дозвола, со тоа што медицинско мислење за промена на здравствената состојба да дава матичниот лекар бесплатно;
- Ќе воспоставиме подобра институционална грижа за стари, изнемоштени и инвалидизирани пензионери и други загрозени граѓани со ангажирање на патронажни медицински служби;

- Ќе се залагаме за воспоставување на ангажирање за волонтерска работа на ученици од средни стручни училишта и факултети во области на медицината, кои учат и се обучуваат за работа со стари, изнемоштени и болни луѓе, како нивна практична обука;
- Ќе обезбедиме овозможување на законска можност за избор на замена на матичен лекар за пензионери кои подолго време, од семејни или други причини престојуваат во друга општина;
- Ќе воспоставиме систем за медицинска патронажа и доставување на лекови за пензионерите од руралните средини, кои се оддалечени најмалку 15 км од ЈЗУ и тоа најмалку два пати месечно;
- Ќе инсистираме и ќе поддржиме зголемување на буџетот за здравство, а со цел за јакнење на државното здравство и задржување на здравствениот кадар во земјата;

## 3. ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО И БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

Владеењето на правото е област во општеството, во која напредокот оди многу бавно, а посебни критики добива судскиот систем кој повеќе децении е континуирано во процес на ерозија.
Затоа, Партијата на пензионери, со својот целокупен капацитет, како и досега, така и во, иднина ќе се залага за доследно владеење и практикување на правото и правната држава.
Владеењето на правото и правната држава, борбата против корупцијата и независната и ефикасна судска власт, се еден од нашите приоритети со што ќе мора да се врати оспорениот и нарушен углед и довербата кај граѓаните.
Доследно ќе се залагаме за воспоставување и функционирање на независна и одговорна судска власт која ќе дејствува врз основа на законите, пропишаните правила и принципи и на тој начин да се обезбеди правната сигурност, достапноста на правдата и еднаквост за сите граѓани пред законите и судовите на државата.
За остварување на овие заложби ќе ставиме посебен акцент на следното:

- Темелна и суштинска реконструкција на правосудниот систем, преку внесување на сите неопходни промени во организацијата и работењето на судската власт (Уставниот суд, Републичкиот судски совет, Советот на јавни обвинители, Судовите и Јавните обвинителства), а со цел за целосна заштита на овие институции од надворешни и политички влијанија;
- Ќе се залагаме за промени во законодавството и доследна примена на законите, а со цел за оневозможување на највисоките функции во судскиот и обвинителскиот систем да се избираат нестручни, неквалификувани и партиски лица, а во согласност со стандардите на ЕУ;
- Ќе инсистираме да власта, биде одговорна во спроведувањето на неселективна борба против организираниот криминал и корупцијата и да оствари еднаквост во спроведување на законите и пресудите;
- Ќе се залагаме за доследно владеење на правото, спроведување на неселективност и праведност во државата на сите рамништа;
- Ќе се бориме за обезбедување на можноста да секој граѓанин непречено си ги остварува законски утврдените права, но истовремено да ги исполнува своите обврски кон општеството, како и да биде одговорен за стореното пред институциите на системот.
- Партијата ќе се залага за воспоставување политичка контрола и отчетност на извршната власт кон законодавната, и воспоставување инструменти на контрола и отчетност на законодавната, извршната и судската власт, а со цел да не постои неконтролиран субјект во власта;
- Ќе се ангажираме и залагаме за постојана, неселективна и одлучна борба на државата против корупцијата и организираниот криминал на сите рамништа и во сите сфери на општественото живеење;
- Ќе бараме воведување на стандард, доколку пресуда на некој судија биде преиначена во Меѓународниот суд во Стразбур, истиот тој судија да се разреши и да неможе повеќе да биде именуван/избран за таа фунлција.

## 4. ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ И ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА

Органите и институциите на политичкиот систем постојат заради сервисирање на граѓаните во рамките на системот на поделба на власта, како темелна вредност на уставниот поредок на државата. Извршната власт, заедно со јавната администрација, е доминантен носител на сервисирањето на граѓаните.

Партијата на пензионери, ќе продолжи и во иднина да прави напори за подобрување на организациската структура и ефикасноста на администрацијата за сервисирање на граѓаните. Факт е дека јавната администрација се уште е гломазна, недоволно стручна и ефикасна, со бирократски однос кон граѓаните и коруптивна.

Затоа наша цел е изградба на рационално димензионирана, организирана и ефикасна администрација.

За остварување на оваа заложба, енергично ќе се залагаме за следното:

- Институционална реорганизација на администрацијата за постигнување на нејзина целосна интероперабилност со административните системи на ЕУ;
- Реформа на јавната администрација по извршена анализа на евентуалните преклопувања на надлежности но и потребата од рационалност на постоење на постојните органи на јавната администрација;
- Ограничување на дискреционите права и овластувања на службениците во јавната администрација;
- Зголемување на ефикасноста на администрацијата во сервисирањето на
граѓаните при остварувањето на нивните права и обврски со цел тоа да биде ефективно и во законските рокови;
- Скратување на процедурите и намалување на бројот на документите потребни за утврдување на фактичката состојба и задолжување на органите да прибавуваат докази по службена должност;
- Воведување на единствен информатички (едношалтерски) систем кој ќе
овозможи увид во податоците потребни за утврдување на фактите и

околностите од значење за донесување на конкретен управен акт (решение и сл.) и за издавање на реален акт (уверение, потврда и сл.);

- Воведување на електронско комуницирање меѓу органите и странките со
усовршување, поедноставување и ефективно одржување на системите за
електронска комуникација меѓу органите и странките;
- Професионализација на јавната администрација, со цел таа да биде
составена од високо професионални и деполитизирани јавни службеници, вработени или именувани според системот на заслуги (мерит системот);
- Донесување на нов Закон за административни службеници и Закон за
вработените во јавниот сектор, како и примена на општ колективен договор во јавниот сектор за сите органи на администрацијата, а со цел за изедначување на правата и обврските;
- Личната политичка определба на јавниот службеник да нема никакво влијание при одлучувањето за правата, обврските и правните интереси на граѓаните за чие остварување е надлежна јавната администрација;
- Највисоките државни службеници – државните и генералните секретари во државните органи да се назначуваат по професионална основа како
перманентни државни службеници;
- Воведување на продолжено работно време, дежурства и почитување на флексибилното работно време во органите на администрацијата;
- Воведување на дежурства на службениците во сабота заради намалување
на гужвите и со тоа да се овозможи граѓаните да си ги остваруваат своите
права и правни интереси и во попладневните часови - по истекот на
нивното работно време, како и за време на викендите;

- Изградба на ефикасен систем на контрола над јавната администрација преку Државниот управен инспекторат и управното судство;
- Управното судство (Управниот и Вишиот управен суд) навремено и ефикасно да одлучува по поднесоците на граѓаните против актите на
  администрацијата (тужби, жалби, барања и друго);
- Транспарентност во работата на администрацијата со тоа што сите општи
  акти (правилници, наредби, упатства и други) кои ги донесуваат органите на администрацијата да се објавуваат на соодветен начин (во Службен весник на РСМ, на интернет страниците на органите и на огласните табли во органите за да им се овозможи на граѓаните да се запознаат со процедурите за остварување на нивите права и обврски пред органите на администрацијата;
- Овозможување непречен увид, на странките во нивните предмети;
- Навремено информирање на граѓаните преку средствата за јавно
  информирање за прашањата од интерес за остварување на нивните права и обврски пред органите на администрацијата;
- Креирање на стимулативен систем на плати, додатоци на платите и
  надоместоци во јавната администрација;
- Воспоставување на систематизирани и адаптирани работни места за лица со попреченост, и тоа во најмалку 3% од вкупниот број на вработени во
  институциите, а со цел обезбедување на целосна инклузивност и
  обезбедување на еднакви права и можности на овие лица;
- Подобрување на условите за работа на вработените во администрацијата во сите сегменти (реновирање на објекти и простории, замена на застарената опрема и инвентар и друго);
- Воведување на системски, континуирани и перманентни обуки за јавните

службеници кои ќе бидат континуирани и задолжителни и еден од
основните критериуми за напредување во кариерата;

- Воведување на алатка за мерење на перформансите на институциите на
политичкиот систем особено на јавната администрација преку примена на соодветни методологии со што би се остварила целта за стимулирање на институциите, јавните службеници и другите вработени да го дадат својот максимум во извршувањето на работните задачи;
- Градење на јавна администрација составена од службеници со интегритет на чесни, човечни, љубезни, одговорни и сервисно ориентирани личности, секогаш подготвени ефикасно да ги сервисираат граѓаните во остварувањето на нивните права, обврски и правни интереси;
- Правото на пензионерите соодветно и непосредно да бидат претставени во институциите на политичкиот систем.

## 5. ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Образованието е еден од одлучувачките фактори во развојот на секое општеството и држава. Затоа, образованието мора да биде насочено кон целосен развој на човековата личност, чувството на достоинство и самодоверба на човекот како и кон јакнење и почитување на човековите права и основни слободи гарантирани на сите граѓани на државата со нејзиниот устав.

Образованието, мора да биде достапно и да му се овозможи на секого, без оглед на социјалниот статус, етничката и верската припадност, како и политичката определба.

Исто така ќе се заложиме за образование кое ќе мора да ги следи потребите на економијата и бизнисот во земјата, како и потребите на државата за специфични професии и кадри.

Поаѓајќи од значењето на образованието за развојот на општеството, Партијата на пензионерите упорно и доследно ќе се залага за висок квалитет на системот на образование со:

- Суштинска реформа на целиот образовен систем (од детски градинки до највисокото образование) со системска определба да децата, младите и возрасните, бидат во фокусот на секоја воспитно–образовна дејност;
- Образување на високо квалитетен наставен кадар, кој ќе го сочинуваат селектирани и избрани таленти за наставно- образовната работа;
- Изградба на стабилен образовен систем со меѓународно признаен квалитет, компетенции и вештини (според стандардите на Шангајската листа);
- Ќе се залагаме да средното и високото образование продуцираат образовни профили според потребите на пазарот на трудот;
- Образовен систем прилагоден со достигнувањата од развиениот свет кој ќе остварува три основни меѓусебно поврзани цели: унапредување на достапноста, праведноста и рамноправноста во образованието;
- Отварање на нови можности со заедничко усогласување на домашните политики со европските и спроведување на акциски планови кои произлегуваат од европските политики за млади, особено во делот на образованието;
- Изработка на државна Стратегија за унапредување на знаењата и вештините потребни за конкурентност на младите во националната економија;
- Изработка на нова Стратегија за стручно образование и обука во контекст на доживотното учење;
- Перманентно образование на сите профили, посебно во техничките и информатичките области како темел за опстојување и развој во постиндустриското доба;
- Формирање државен фонд за млади до 18 годишна возраст, наменет за создавање услови за аматерско бавење со базични спортови и со активности од полето на културата и уметностите;
- Државно стипендирање на најистакнатите ученици и студенти;
- Поддршка на науката, во апликативните истражувања, а со цел за најбрзо зголемување на можностите за унапредување на индустријата, земјоделството и другите

стопански гранки од витален интерес за развојот на државата;
- Изградба на нови и реконструкција на постојните образовни установи во секој поглед (мебел, технички средства, современи кабинети, лаборатории и други работни простории) а со цел на подигнување на стандардот и квалитетот на образовната дејност;
- Подигање на научно-истражувачкиот стандард на државните универзитети и носителите на нивните активности;
- Доделување грантови за истражувачка дејност со потенцијал за комерцијализација на добиените производи особено за домашната индустрија а со цел на опфаќање на високообразовните институции и поттикнување на нивниот ангажман за поддршка на забрзан раст, базиран на иновации;
- Донесување на нова Национална Стратегија за млади;
- Дефинирање на идните потреби за ефективно и функционално образование, научно истражувачка дејност, иновации во сите сегменти на општеството, информатичкото знаење и нивна примена во функција на економијата, со цел подготвување на истата за фаќање на приклучок на економиите кои веќе ја предводат т.н. 4-та индустриска револуција;
- Отворање и поддршка од секаков вид на училишта на македонски јазик во одделни средини на иселеништвото, и земјите каде живее македонско малцинство.

Нашата порака за младите е:
„**Учете, оспособувајте се, работете, создавајте, учествувајте во јакнеењето на вашата држава, само таа е ваша и само вие сте нејзини, сегде на друго место не сте свои на своето. Чувајте го и вреднувајте го своето!**“

## 6. ОДБРАНА И БЕЗБЕДНОСТ

За постигнување на стратешките цели во областа на безбедноста, одбраната и заштитата, Партијата на пензионери ќе продолжи да делува како сериозен партнер на силите, кои го подржуваат европскиот пат и иднината на земјата ја гледаат во што поскоро продолжување на процесот за нејзино целосно интегрирање во ЕУ.

Затоа ќе се залагаме во областа на одбраната и безбедноста за:

- Заштита на виталните национални интереси и реализација на стратегиските цели во делот на одбраната и безбедноста;
- Одбранбената политика да обезбеди остварување и заштита на националните интереси на државата, како и градење, одржување и користење на неопходни безбедносни и одбранбени способности и капацитети, во рамки на единствен сет на сили, како дел од НАТО и идната заедничка безбедносна и одбранбена политика во ЕУ;
- Ќе се залагаме за стручен и професионален пристап во одбраната и безбедноста, со кој се обезбедува одбрана на земјата, заштита на независноста и територијалниот интегритет и внатрешна безбедност;
- Остануваме доследни на ставот дека членството во НАТО и ЕУ е најдобра долгорочна рамка за гаранција во зачувувањето на националните интереси;
- Ќе се залагаме за суштинско интегрирање на сите функции одбраната и безбедноста и подобрување и изнаоѓање на механизми кои ќе обезбедат поефикасен систем на кризен менаџмент;
- Во делот на едукацијата и обуката на персонал за извршување на работите и задачите во оваа област, ќе се залагаме на сите позиции во одбраната и безбедноста да се поставуваат и напредуваат високо образовани, обучени и компетентни кадри, исклучиво според принципот на професионализам и заслуги во работата, елиминирајќи ја праксата на непотизам и кронизам;

- Доследно ќе се залагаме за организирање на безбедносен систем способен да ги решава сите безбедносни ризици со стручен и професионален пристап во остварување на системот на јавна и државна безбедност, како и за континуирана и неселективна борба против секој облик на криминал со акцент на спречување и откривање на корупцијата и организираниот криминал, како една од главните безбедносни закани на државата;
- Ќе поддржиме реформи за воспоставување на критериуми и стандарди кои се применуваат во земјите на ЕУ при селекција на кадри за вработување во безбедносните служби и полицијата и при усовршувањето и градењето на кариера;
- Ќе се залагаме за доследно реформирана, модерна, стручна, професионална и способна полиција која ќе биде блиска до граѓаните, како нивен вистински сервис и гарант на безбедноста;
- Ќе поддржиме трансформација и реорганизација на МО и Армијата согласно НАТО стандардите и целосна компатибилност со земјите партнери, согласно новите глобални предизвици и барања;
- Ќе се залагаме, како членка на НАТО да развиваме и одржуваме одбранбени сили и способности, кои преку заеднички стандарди и доктрини, се оспособени за ефективна употреба во целиот спектар во рамките на здедничките операции на Алијансата;
- Ќе инсистираме, да ги следиме најдобрите практики во одбранбената индустрија и да ефективно ги искористиме сите ресурси за опремување и модернизација на армијата со современи борбени системи, со што се обезбедува неопходна интероперативност со сојузничките сили;
- Одржување на постоечките капацитети, опремување и надградување со нови капацитети, до постигнување на потребното ниво, со примена на НАТО принципите и стандардите;
- Доследно ќе инсистираме на рационализација на високообразовните институции кои едуцираат кадри од областа на безбедноста, одбраната и заштитата, и

усогласување на нивните наставни програми со потребите на институциите и нивните функции;

- Обединување и рационализација на организациите кои се поврзани со оваа област, кои се значајни и кои добиваат помош и поддршка од државата во нивното опстојување и функционирање (Сојузот на борците, Сојузот на резервните воени старешини, невладини организации, здруженија и др.);
- Ќе предложиме концепт на формирање и функционирање на соодветен нов субјект кој ќе биде одговорен за статусот и правата на ветераните од областа на одбраната и безбедноста, а кој ќе ги интегрира постојните функции и организации, а државата да води грижа за лицата кои со својот ангажман, посветеност и саможртва се вградиле во нејзините темели;
- Ќе инсистираме на ревитализација на македонската воена индустрија;
- Ќе се залагаме за континуитет, целосна и доследна примена на системот за повеќегодишно планирање, програмирање и извршување на буџетот во одбраната, полицијата, Агенцијата за разузнавање, Центарот за справување со кризи и Агенцијата за заштита и спасување;
- Ќе инсистираме на реална деполитизација и департизација, професионали-
зација и доследно почитување на критериумите и принципите на селекција и класификација, во МВР, МО и Армијата, Агенцијата за разузнавање, Центарот за справување со кризи и Агенцијата за заштита и спасување;
- Доследно ќе се бориме за неопходност од демократска, целосна и ефикасна цивилна и парламентарна контрола над работењето на службите за безбедност и разузнавање.

## 7. ЕКОНОМИЈА

Партијата на пензионери, како партија која води грижа за сите социјално ранливи категории на граѓани, а со цел подобрување на нивната благостојба е свесна дека единствен начин за постигнување на таа цел е развивањето на економијата.
Затоа Партијата на пензионери ќе се залага да економските прашања имаат едно од примарните места во идните државни политики, при што најпрво, со консензус, треба објективно и рационално да се согледа актуелната состојба на тоа поле.
Ќе истраеме на ставот дека земјата мора да усвои нов концепт на економската политика и да ги определи развојните приоритети кои даваат најбрзи позитивни ефекти и кои обезбедуваат забрзување на економскиот раст, производството, креирање на нови работни места и подобрување на животниот стандард на населението.
Државата, треба да биде гарант и иницијатор за стабилност и развој на националната економија, која мора да биде основа на материјалниот развој и благосостојба на сите граѓани.
Партијата на пензионери посебно ќе се ангажира за постигнување на следните основни цели на економската политика и за таа цел ќе се ангажира и работи на:

- Донесување на долгорочна Стратегија за развој на земјата, со која би се обезбедил одржлив развој и државата да стане подобро место за живот, работа и социјално-општествени активности;
- Макроекономска стабилност и функционална пазарна економија;
- Ќе се залагаме за градење на стратешки пристап за поттикнување на економскиот раст во земјата, со континуирано подобрување на деловната клима во земјата и доследна примена на националното законодавство во областа на економијата врз основа на принципот на неселективност, а за обезбедување на конзистентност и стабилност на економските политики;
- Доградба на економскиот систем и негово усогласување со решенијата во земјите на ЕУ, со цел подобрување на ефикасноста;

- Ќе ги поддржиме сите мерки за предвидливи и стабилни економски, фискални и монетарни политики;
- Изградба на Научно-технолошки парк за start up бизниси, а со цел за обука за развој на бизнис, работа со ментори и пристап до инвестициски фондови, и поддршка за се што е потребно на бизнисот за излез на глобалниот пазар;
- Планирање, државна поддршка и остварување на зголемен пораст на индустриското производство, за максимално покривање со сопствени производи на побарувачката на домашниот пазар;
- Максимална поддршка на главните македонски индустрии (металната, текстилната и преработката на храна);
- Поддршка за понатамошен развој и користење на Фондот за иновации и технолошки развој (ФИТР), а со цел за стимулирање на иновации и усвојување на нови технологии;
- Ќе ги поддржиме сите владини економски мерки кои ќе бидат насочени кон зголемување на продуктивноста, како клучен факор, како за растот на БДП, така и за растот на платите и подобрувањето на стандардот на живот со поттикнување на вложувањата во технолошки развој во производните компании и услужните гранки, поттикнување на програми за едукација, усовршување на знаењата и нови вештини во приватниот сектор;
- Ќе инсистираме на либерализација на пазарот на трудот за намалување на бројот на невработените со креирање на нови работни места;
- Ќе се бориме со сите средства за потполно искоренување на сивата економија која е сериозен проблем во државата, не само поради штетата што ја предизвикува во однос на изгубените приходи од даноци и други давачки, туку и поради создавањето на нелојална конкуренција и девијациите што ги предизвикува на пазарот на трудот;
- Доследно ќе се залагаме за подигнување на конкурентноста на националната економија, со поддршка на структурна трансформација на стопанството во корист на секторите што произведуваат повисока додадена вредност, со поголемо вклучување на македонските

компании во синџирите на додадена вредност како и синџирите на набавки;

- Ќе го поддржиме секое современо решение за обликување на даночната политика во функција на економскиот раст, при што фаворизираме прогресивно оданочување како социјално и општествено поправично решение;
- Завршување на започнатата и интензивирање на изградба на нова неопходна инфраструктура во земјата (автопати и магистрални патишта, железнички пруги, карго аеродроми, магистрални гасоводи и др.);
- Ќе бараме реализација на проекти за обезбедување услови за развој на мали и средни претпријатија, за отварање на нови работни места во домашните фирми, како и стимулирање на домашни инвеститори;
- Поддршка на инвестиции за развој на дигитални иновации;
- Ќе предлагаме и ќе ги поддржиме сите мерки за поттикнување на нови инвестиции, домашни и странски, со креирање на пазарни механизми за зголемување на достапноста на финансии за малите и средните фирми и со воспоставување на ефективен и ефикасен систем за поттикнување на претприемништвото и занаетчиството;
- Неможност преку ноќ да се менува фискалниот амбиент на работењето, и воведување даноци кои не биле предвидени со партиските програми и со ретроактивно дејство на важење;
- Вклучување на бизнис заедницата во изработката на економските Закони и задолжително обезбедување писмено мислење на стопанските комори пред носење на нови Закони од економската сфера;
- Можност за обраќање на стопанските коморите пред пратениците пред носењето на економските Закони;
- Забрзан и стабилен развој на земјоделието и агрокомплексот, зачувување на аграрните ресурси и осовременување и развој на преработувачката индустрија;
- Поддршка на регулирање на крипто индустријата и крипто пазарот во државата;

## 8. ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Земјоделството, во минатото беше, е, а и во иднина мора да остане една од главните стопански гранки во државата. Како една од примарните стопанска дејност, има приоритетно место во макроекономската политика на земјата. Исто така, и бројот на населението чија основна дејност како и населението кое дополнително се бави со земјоделство е значително.

Затоа од посебен интерес на Партијата на пензионери е развојот на аграрот со акцент на ревитализацијата на селата имајќи ги предвид реалните производни можности и потенцијали за нивното учество во вкупниот општествен производ,

Затоа ќе продолжиме да се залагаме за донесување на Долгорочна стратегија за развој на државата каде ќе се дефинира рамката за развој и поддршка на земјоделците, земјоделието и преработувачката индустрија. Ќе се залагаме за забрзан и стабилен развој на земјоделието и агрокомплексот, зачувување на аграрните ресурси и осовременување и развој на преработувачката индустрија, како и за континуирана поддршка на младите земјоделци.

Имајќи ги предвид потребите од прозводство на храна и потребните услови да биде една од носечките дејности на стопанскиот развој на земјата, го истакнуваме нашето залагање за реализација на мерките за подобрување на состојбата во земјоделството и во иднина доследно ќе се бориме за:

- Брзи и квалитетни промени во аграрната политика, бидејќи домашното земјоделство е изложено на силна меѓународна конкуренција на домашниот пазар;
- Ќе инсиситираме за донесување на нова стратегија и оперативна програма за ефикасна поддршка, во користењето на потенцијалите, кои би довеле до нивно целосно искористување за производство на доволно продукти, за домашниот пазар, како и за извоз во странство.
- Зголемување на продуктивноста и за намалување на производствената
  цена на земјоделските производи, со цел на зголемување на конкурентноста во однос на други меѓународни пазари;

- Окрупнување на земјоделското земјиште, а со цел за намалување на цената производство;
- Давање под закуп на необработено земјоделско земјиште на земјоделци
- чија основна дејност е земјоделието, под поволни услови;
- Бесплатна континуирана едукација на земјоделците за примена на
- современите достигнувања во сите гранки на земјоделието и бесплатна
- поддршка за искористување на ИПАРД фондовите;
- Доследно ќе го поддржиме еколошкото производство на храна, јакнењето на конзервната индустрија, здружување на лозарите и винопроизводителите за заеднички настап на светскиот пазар;
- Ќе инсиситираме на стимулирање на извозот на преработени земјоделски производи и поддршка на фирмите за учество на меѓународни саеми;
- Ќе се залагаме за унапредување на системот за субвенционирање на земјоделци и индивидуални земјоделски стопанства (фарми), при што посебно внимание ќе се посвети на субвенционирање на лицата чија основна дејност е земјоделието, и тоа преку субвенционирање на набавка на современи земјоделски машини, набавка на квалитетни семенски високоприносни сорти, набавка на квалитетни сорти на животни, набавка на ѓубрива и современи средства на заштита, органско производство, зголемување на насади и обработена површина, изградба на откупни центри и преработувачки капацитети, како и посебна субвенција на производи предадени во откупни центри или преработувачки капацитети и друго.

Партијата на пензионери ќе продолжи да се залага за големо намалување на сечата на шумите, за пошумување на опожарените предели, како и за пошумување на целокупното необработено земјиште, кое не е погодно за земјоделие. Притоа, ќе се залагаме да државата превземе мерки за ангажирање на сите соодветни институции за спречување на неконтролираната сеча на шумите. Ќе инсистираме да при давањето на одобренија

за сеча на шума, покрај таксата, да се даде задолжение и обврска на државните и приватните субјекти, за секое исечено дрво да се засадат најмалку 10 нови дрва, како и да се отвори посебна линија за субвенционирање на набавката на садници.
Потикната од фактот дека без соодветни системи за наводнување нема современо и рентабилно земјоделство, Партијата на пензионери ќе се залага за соодветно одржување на капацитетитена наводнување, изградба на нови и субвенционирање на изградбата на приватни капацитети за наводнување.

## 9. ЖИВОТНА СРЕДИНА

Животната средина и односот на државата и граѓаните кон неа, секако се еден од најголемите секојдневни предизвици, кои не засегаат сите нас. Аерозагадувањето, водите, менаџирањето со отпадот, енергетиката, заштитата на природата се едни од многуте сегменти на животната средина, и односот кон нивното третирање не може и не смее да биде кампањски и паушално, туку сеопфатно, темелно и плански на долги рокови.
Партијата на пензионери ќе се грижи да во сите законски регулирања и односи на државата кон животната средина, истата биде крајно доследна затоа што тој однос е всушност однос кон самите себе, кон сопственото здравје и живот и однос кон сите идни поколенија.
Ќе бидеме чврсти во почитувањето на принципот дека унапредувањето на животната средина подразбира користење на механизми и инструменти за заштита на истата, како и поттикнување пристап кој се базира на свесноста за секојдневните потреби за активна грижа за животната средина, секаде и на сите рамништа.
Се раководиме од фактичката состојба, дека загадувањето и деградирањето на животната средина се повеќе го преокупира и загрозува современиот човек, и дека постојат приоритети во однос на обезбедувањето на основното право на човекот да живее во чиста и здрава средина и дека тоа е услов во однос на исполнувањето на целта земјата да пристапи кон Европската унија.

Правото на здрава животна средина е основно, уставно загарантирано граѓанско право за кое Заедно, Можеме и Мораме да се грижиме да се почитува, и затоа Партијата на пензионери, ќе се бори за следните конкретни задачи во овој сегмент:

- Донесување на нова Државна стратегија за заштита на животната средина, во сите нејзини сегменти;
- Продолжување со процесот на приближување и усвојување на политиките и добрите пракси на ЕУ за заштита на животната средина;
- Максимално зголемување на капиталните инвестиции во областа на животна средина, особено за намалување на емисијата на штетни гасови, за третман на отпадни води и управување со отпад;
- Зајакнување на сите државни и приватни капацитети потребни за обезбедување на ефикасно управување со животната средина, на сите рамништа и во сите сегменти;
- Соодветно екипирање на инспекциските служби за животна средина и урбанизам и воспоставување на 24/7 дежурна служба за заштита од индустриски и сите други можни типови на загадувачи;
- Регулирање и инсистирање на планско лоцирање на индустриски капацитети, фабрики, погони и постројки подалеку од градските зони;
- Обврзувачко поставување и контрола на високоефикасни филтри на сите потенцијални големи загадувачки индустриски капацитети како Цементара, Железара, Макстил, Југохром, Дрисла, РЕК Битола и сите други;
- Воспоставување на еколошки данок на загадување за приватни и државни деловни субјекти, а пропорционален со нивото на загадувањето кое го чинат и средствата од истиот да се собираат во т.н. Зелен фонд;
- Максимално зголемување на парковите, парк-шумите, зелените појаси и урбаните зелени површини, со цел намалување на аерозагадувањето;
- Отпочнување најширока дебата со стручната и граѓанската јавност за градење високо одржлива Национална енергетска стратегија и инвестирање во домашни и странски извори на енергија, во согласност со

современите светски еколошки стандарди а со цел за добробит на граѓаните;

- Донесување и ревидирање и потполно почитување на правната регулатива за управување со водите на државата како стратешки капацитет (ревидирање на Националната стратегија за води, нов Закон за води, ревидирање на Водната книга и други подзаконски акти во овој сегмент);
- Темелна анализа и зајакнување на сите институционални капацитети на сите рамништа во државата за управување со водите;
- Тројно повисоки казни за фабриките и граѓаните кои не ги исполнуваат еколошките стандарди и загадуваат на било каков начин;
- Темелна и потполна контрола на центрите за технички сервис на возила;
- Воспоставување на граѓанска можност (пензионерите, младите и сите други) на волонтерска основа, во функција на неформален инспекциски орган, за контролирање на незаконската изградба на објекти, несоодветното депонирање на ѓубрето, отпадните води од индустријата, узорпирање на зелените површини и друго;
- До 2030 година над 50% од вкупната инсталирана електрична моќност во државата да биде од обновливи извори на енергија;
- Субвенции за приклучување на централно греење и за набавка на филтри на оџаците на домаќинствата;
- Максимална гасификација на целата територија на државата;
- Укинување на данокот за увоз на електрични и хидрогенски возила;
- Инсистирање на подобрувањето на самоизградбата и еколошката едукација на сите категории на граѓани а посебно младите, прку сите можни врсти на образување (еколошки друштва, еколошки акции и друго).

## 10. ВНАТРЕШНА И НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА

Партијата на пензионери, во внатрешната и надворешната политика на земјата, доследно и принципиелно ќе се заложува и ќе се бори граѓанинот и националните интереси да бидат основни и непроменливи вредности во државата.

Ќе се залагаме овие политики да бидат во взаемно дејство, двете да имаат исти европски стандарди и иста корист за сите граѓани, а не само за таканаречената елита. Единството на нацијата, кое сите толку желно го посакуваат, ќе го градиме преку владеење на правото, еднаквост на сите во сите сегменти, ограничување на мандатите на високите функции во државата, укинување на сите непотребни и прекубројни институции и функции а со цел за подобро функционирање на државата. Повеќе од заслуженото место на нашата земја, во регионот, Европа и светот, мора да се надградува и зацврстува со напорна и паметна работа. Затоа чврсто ќе се залагаме за следните принципи и активности:

- Принципиелно ќе се залагаме за внатрешна и надворешна политика, свртена кон граѓанинот и внатрешното единство на нацијата а базирана на владеење на правото, демократија, еднаквост на сите пред институциите на државата и инклузивност на квалитетот сегаде;
- Пропорционален изборен модел со една изборна единица, загарантирани места за помалкубројните етнички заедници и намалување на бројот на пратеници од сегашните 120 на вкупно 100;
- Функцијата Претседател на Влада ограничена на најмногу 2 мандати (1+1);
- Ограничување на мандатите и на Градоначалниците на вкупно 2 мандати;
- Укинување на институцијата „Пржинска Влада“;
- Утврдување на обемот и динамиката за довршување на децентрализацијата;
- Одржување и подобрување на меѓуетничките односи;
- Договор за обемот и содржината на основната рамка за долгорочна заштита на идентитетот, македонскиот јазик, националната култура и културното наследство;

- Ќе се залагаме за изработка на Стратегија за надворешната политика со јасно одредени стратегиски цели на државата за подобрување на угледот и значењето на земјата во соседството и во меѓународната зедница;
- Доследно ќе се залагаме за Интеграција на државата во Европската Унија која мора да биде приоритетна цел на надворешната политка;
- Континуитет во подобрување на односите со соседите и продлабочување на политиката  на добрососедство;
- Ќе продолжиме со поддршка на примарниот интерес на државата во регионалната соработка за развивање практични мерки за олеснување на животот на граѓаните и отстранување на сите бариери за полесна трговија, инвестиции, мобилност на човечкиот капитал и модернизација на Западен Балкан;
- Ќе се залагаме за унапредување на градењето на партнерските односи со земјите членки на ЕУ и НАТО, продолжување на градењето на стратешките односи со САД и со сите други пријателски земји и меѓународни организации;
- Ќе продолжиме да поддржуваме внатрешна и надворешна политика за градење на мултикултурно европско општество врз основа на успешните модели на меѓуетничките и мултикултурните односи во државата;
- Ќе продолжиме со поддршка на политиката за промоција на македонските стопански интереси во странство и привлекување на странски инвестиции во земјата, како и максимално зголемување на извозот;
- Ќе се бориме за заштита на националните, културните, јазичните и верските права на македонците во соседството и светот, како и поголема грижа за граѓаните иселени од државата и зацврстување на врските со нив;
- Ќе ги поддржиме сите напори на обединување на дијаспората врз основа на граѓански принцип, почитувајќи ги сите етнички заедници во промовирање на Македонија низ светот;
- Ќе се залагаме за јакнење на дипломатијата и целосна професионализација на дипломатскиот кор.